декември 18, 2013
Љупчо Јолевски

# Уметничките тенденции во порнографирана стварност

Сподели

Печати



Courtesy Photo

**„Поколение XXX“ е насловена изложбата на која, од 19 декември до 19 јануари во Музеј на град Скопје, ќе бидат претставени дела на една уметничка група и девет македонски уметници кои се образуваа и се обликуваа во осумдесеттите и деведесеттите години на минатиот век кога кај нас во Македонија, но со децениско доцнење, се случуваа длабоки и сеопфатни општествени промени. Куратор на овој проект кој се занимава со нивните преокупации, опсесии и уметнички тенденции е Емил Алексиев.**

Атанас Ботев, Горан Дачев, Славица Јанешлиева, Миле Ничевски, Јасминка Новковска, , Ирена Паскали, Борис Петровски, Нада Прља, Микица Трујкановиќ и членовите на ОПА (Опсесивно посесивна агресија), се уметниците чии дела во текот на претстојниов месец ќе бидат претставени на изложбата „Поколение XXX“ што ќе се одржи во Музеј на град Скопје.

> **Тука пред се мислам на первертираната стварност, политичките махинации, потоа популарната култура, стрипот, филмот...политиката на историското и политиката на естетското.**
>
> Атанас Ботев, уметник.

Насловот на оваа постановска е ектензија на поимот „Поколение X“ ( Даглас Коупленд - „Генерација X: Приказни за забрзаната култура“ 1991), но во конкретниот случај ако се знае дека „XXX“ е воедно знакот за порнографија, тогаш ова подразбира дека станува збор за обид да се најде заеднички именител што ќе овозможи продлабочено разбирање на стремежите на едно поколение уметници од Македонија родени во периодот меѓу 1968 и 1978 година.

Кураторот Емил Алексиев, во опсежната експликација од каталогот, меѓу другото забележува дека одредувањето на поколението родени во седумдесеттите како порно (XXX) поколение се должи на општите општествени (економски, политички, културни...) промени во деценијата потоа. Тој потенцира дека под порнографија не се подразбира само злоупотребата на сексуалноста, туку сеопфатното порнографирање на стварноста – порно политика ( неолиберализам – глобализација – конзерватизам), порно култура ( поп културата), порно храна ( брзата или „ѓубре“ храна)...за да поентира дека тој процес се уште не е завршен и дека неговото влијание е присутно и денес.


Courtesy Photo

> **За мене оваа изложба е особено важна бидејќи ова е прв пат да се прави некаков генерациски пресек на нашето поколение и на еден ваков начин да биде претставена нашата естетика.**
>
> Миле Ничевски, уметник.

Атанас Ботев вели дека делата кои се претставени на изложбата полемизираат со актуелната општествено-економска и културна стварност и дека во контекст на темата проблематизираат најразлични аспекти од нашето живеење.

„Тука пред се мислам на первертираната стварност, политичките махинации, потоа популарната култура, стрипот, филмот...политиката на историското и политиката на естетското. Сите тие работи некако се обидувам да ги ставам во одредена органска целина и практично тоа се некои аспекти кои што се застапени во моите дела и кои што кореспондираат со самата тема.“


Courtesy Photo

Миле Ничевски истакнува дека неговата понуда се состои од неколку веќе изложени и многу повеќе досега непознати дела од циклусот „Белешки од киоскот за цигари и весници“ настанат во периодот 2005 – 2007 година.

> **Секое уметничко дело е на еден начин хроника на времето во кое што живее уметникот.**
>
> Славица Јанешлиева, уметник.

„За мене оваа изложба е особено важна бидејќи ова е прв пат да се прави некаков генерациски пресек на нашето поколение и на еден ваков начин да биде претставена нашата естетика.“

Славица Јеншлиева, пак, ќе рече дека самата на „Поколение XXX“ се претставува со две слики од 2000 година и дека за неа меѓу другото е особено важно тоа што делата не се заборавени во атељето на уметникот што донекаде е практика кај нас, освен ако не се откупени. Таа се согласува дека нејзината генерација преживеала големи промени, но констатира дека тоа е својствено и за другите генерации творци во времето наназад што може најлесно да се согледа од уметничките дела.

„Ние како уметници секогаш сме хроничари на своето време без разлика дали тоа го прикажуваме објективно или субјективно, лично или општо, но во секој случај секое уметничко дело е на еден начин хроника на времето во кое што живее уметникот.“

Љупчо Јолевски

Како новинар, водител и уредник Јолевски во новинарството е безмалку 4 децении. Кариерата ја почнал во Млад Борец на почетокот од 1980-тите. Потем долги години бил во Телевизија Скопје и во Македонското радио - Втора програма, како и во други медиуми. Во Радио Слободна Европа Јолевски е од самиот почеток на емитувањето на програмата на македонски јазик.

РЕГИСТРИРАЈ СЕ

## Поврзано

- „Бела ноќ 2013“ во знакот на вистинските вредности
- „Бош фестивал“ – време на концентрирана творечка енергија
- Прва изложба на „Остен“ во Прага
- Ботев со прашања за духовно умртвениот поединец
- Прва меѓународна екс-либрис изложба „Скопје 2012“

## Мултимедија

- Бомби, подруми и погреби: жителите на Мариупол се борат да преживеат
- Нови поскапувања, нови главоболки
- Македонски навивачи „го освоија“ Палермо пред мечот со Италија
- Ехо на историјата: Фотографии од војната во Украина и од Втората светска војна
- Војната во Украина во критична фаза

## Најпопуларно

Најчитани

1. Дали службите го доведоа Путин во заблуда за војната во Украина? (6242)
2. Русија го повика американскиот амбасадор бидејќи Бајден го нарече Путин „воен злосторник“ (3186)
3. Зеленски бара преговори без одложување, Русија потврди дека користела хиперсонично оружје (2072)
4. Зошто е приведен Бојко Борисов? (1927)
5. Руската телевизија го прекина говорот на Путин, Кремљ тврди- техничка грешка (1849)

Најгледани

## Можеби ќе ве интересира

### Македонија


Сали - Финансираме примарно и секундарно здравство, а нивната услуга ја врши терцијарното


Пченица произведуваме недоволно, а сончоглед колку за грицкање

Театарот како пиреј и глас на отпорот

Македонски крпен живот низ призмата на платите и цените

### Вести

- Нови 188 заразени со ковид-19 и три починати пациенти
- Софија домаќин на премиерите на Македонија, Црна Гора и Романија
- Украинско разузнавање- Путин се обидува да ја подели Украина како Северна и Јужна Кореја
- Илјадници мртви во Мариупол, градоначалникот бара целосна евакуација
- Русија забрани пристап до веб страници на РСЕ
- Жени не смеат да се дружат со мажи во забавни паркови во Кабул
- Русија го обвини Азербејџан за кршење на примирјето во Нагорно-Карабах

повеќе

### Моја порака



Од штипскиот подрум до вселената, со иновациите на Стефан

Ледена борба за подобри услови за младите лизгачи на мраз

### Свет

- Украина стравува од нова посилна руска офанзива
- Бајден: Слободниот свет се противи на руската инвазија врз Украина
- Нов обид за евакуација од Мариупол, ОН добиваат информации за масовни гробници
- Руско семејство во Србија сместува Украинци во нивниот хотел бесплатно

### Трендинг

Парцела да е, секој да ја знае

Датум гледа волја вади



Радио Слободна Европа / Радио Слобода. Сите права се резервирани